РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До:**

Упп Бр. 03-13

Скопје 19.05.2023 г.

**Предмет: Одговор на претставка**

Почитуван/а,

Во врска со Вашата претставка за реалното шоу „Гола привлечност“ емитувано на ТВ Канал 5, Ве информираме за следново:

Според Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ), радијата и телевизиите се независни во својата уредувачка политика и самостојно одлучуваат за своите програми и периодите на нивно емитување. Почитувањето на правото на слобода за изразување е клучно за нивната работа и може да се ограничи само под услови утврдени со закон, односно при емитување содржини кои сериозно можат да им наштетат на малолетните лица, како програми со порнографија и прекумерно насилство и содржини со кои се загрозува националната безбедност, се поттикнува насилно уривање на уставниот поредок, се повикува на воена агресија или на оружен конфликт, и се поттикнува или шири дискриминација, нетрпеливост или омраза врз која било основа.

Сите други содржини чие емитување не е забрането, а имаат потенцијал да нанесат штета на малолетните лица, мора да се емитуваат со класификациска ознака за возраста за која се наменети и во соодветни периоди од денонoќието, согласно *Правилникот за заштита на малолетните лица.* Во однос на програмската понуда на радиодифузерите, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како регулаторно тело, може да реагира само по емитувањето на конкретни програми затоа што цензурата е забранета со Уставот.

Агенцијата направи увид во изданијата на реалното шоу „Гола привлечност“ емитувани на ТВ Канал 5 на 13 и 14 мај 2023 година, и констатираше дека степенот на голотија е поголем од она што гледачите очекуваат и се навикнати да гледаат на терестријална телевизија, и дека начинот на нејзино прикажување е соодветен само за возрасна публика. Од овие причини, Агенцијата одржа работен состанок со управителот на ТВ Канал 5 на 18.05.2023 година, на кој беше разговарано емитувањето на шоуто да се означи со класификациска ознака 18+ и да се емитува во термини по полноќ до 05 часот наутро. Агенцијата ќе инсистира радиодифузерот да се придржува до ваквата категоризација на шоуто и периодите на негово емитување.

Ви благодариме за соработката,

Срдечен поздрав,

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Директор

........................................................

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

INTERCERT system certification ISO 9001:2015 CERTIFIED